МЕТАМОРФОЗИС

Фондација за интернет и општество

( Образец ПП……)

Деловски знак:
Рок на чување
20 год.
Потпис

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРОБИШТИП

| Примено: 22.02.2022 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број | Прилог: | Вредност: |
| 24 | 279/1 | | |

До Локалните самоуправи во Северна Македонија
(имател на информацијата)

**Б А Р А Њ Е**

**за пристап до информации од јавен карактер**

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (“Службен весник на Република Македонија бр. 101/2019), од имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

1. Буџет на општината (билансот на приходи и расходи) за последните единаесет години, односно во периодот од 2011 година до 2022 година, во **единственниот формат во кој буџетите можат да се преземат од постоечкиот софтверот имплементиран на ниво на Република Северна Македонија, прикажува само буџетски кодови и нивните суми. Односно, ни требаат оригиналните буџетски датотеки за приходи и расходи.**

(опис на информацијата која се бара)

Форма во која се бара информацијата:
а) увид
б) препис
в) фотокопија
г) **електронски запис**
д) друго------------------------------------------------------------------------
(се наведува бараната форма, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:
а) по пошта
б) телефон
в) факс
г) **е-маил (matej@metamorphosis.org.mk)**
д) друго------------------------------------------------------------------------
(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Барател на информацијата:

Назив: Фондација за интернет и општество Метаморфозис
адреса: ул. „Апостол Гусларот” бр. 40 1000 Скопје, Северна Македонија
телефон: +389 2 3109 325
е-пошта: info@metamorphosis.org.mk
(назив, адреса, тел, фах, е-маил)

(Правна поука: Барателот не е должен да ги наведе и образложи причините за барањето, но треба да наведе дека станува збор за барање за слободен пристап до информација од јавен карактер )

Во Скопје, Северна Македонија                                        Датум 21.02.2022 година

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПРОБИШТИП
Бр. 24-279/2
28.02 2022 год.
ПРОБИШТИП

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето информација од јавен карактер од барателот **Фондација за интернет и општество Метаморфозис ул.„Апостол Гусларот“ бр.40 Скопје** поднесено на ден **22.02.2022 година**, имателот на информацијата **Општина Пробиштип** го донесе следното

# РЕШЕНИЕ

Барањето од **Фондација за интернет и општество Метаморфозис ул.„Апостол Гусларот“ бр.40 Скопје** наш бр.24-279/1 од 22.02.2022 година, по предметот Барање за пристап до информации од јавен карактер:

- Буџетот на општината (билансот на приходи и расходи) за последните единаесет години, односно во периодот од 2011 година до 2022 година во единствениот формат во кој можат да се преземат од постоечкиот софтвер имплементиран на ниво на Република Северна Македонија, прикажани само буџетски кодови и нивните суми, односно оригиналните буџетски датотеки за приходи и расходи.

Се УВАЖУВА

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Врз основа на Барањето информација од јавен карактер доставено од **Фондација за интернет и општество Метаморфозис ул.„Апостол Гусларот“ бр.40 Скопје** имателот на информацијата **Општина Пробиштип**

Ви ја доставува информацијата:

- Буџет на општина Пробиштип (биланс на приходи и расходи) за периодот од 2012 година до 2022 година;
- Општина Пробиштип не располага со Буџетот за 2011 година бидејќи не се задржани податоците;

Во Прилог:

- Буџет на општина Пробиштип (биланс на приходи и расходи) за периодот од 2012 година до 2022 година;

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото наслободен пристап до информации од јавен карактерво рок од 15 дена од приемот на Решението.
Решено во **Општина Пробиштип на 28.02.2022 година, под бр.24-279/2.**

По овластување на Градоначалникот на Општина Пробиштип
Службено лице за посредување со информации од јавен карактер
Анкица Ѓеновска-Советник за правни работи и јавни набавки

______________________

Јованка Данева-Раководител на одделение за правни и општи работи

______________________

Градоначалник на општина Пробиштип
Драган Анастасов

Република Северна Македонија
ОПШТИНА ПРОБИШТИП
2
ПРОБИШТИП

______________________

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПРОБИШТИП
Бр. 24-279/3
28.02.2022 год.
ПРОБИШТИП

ПРОПРАТНО ПИСМО ЗА ДОСТАВУВАЊЕ НА ОДГОВОР ПО БАРАЊЕ

Датум: **28.02.2022 година**
**ДО: Фондација за интернет и општество Метаморфозис ул.„Апостол Гусларот“ бр.40 Скопје**

**ПРЕДМЕТ:** Доставување на одговор по Барање информација согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер до имателот на информации **Општина Пробиштип**
**ВРСКА:** 24-279/1 од 22.02.2022 година

Почитувани,
Согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл. Весник на РСМ бр. 101/2019) во прилог ви се доставува Решение по бараната информација.

Во Прилог ви се доставуваа и: Буџет на општина Пробиштип (биланс на приходи и расходи) за периодот од 2012 година до 2022 година;

Со почит,
Анкица Ѓеновска, службено лице

Република Северна Македонија
ОПШТИНА ПРОБИШТИП
2
ПРОБИШТИП